РЕВИЗОР-С
СТРУМИЦА

Врз основа на член 35 од Законот за ревизија ( Службен весник на Република Македонија бр.158/10 ...23/16) ТП РЕВИЗОР-С Струмица го објавува следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2019 ГОДИНА

## А) Основни информации на Извештајот за транспарентност

1.Опис на правната структура и сопственост

2. Опис на професионална мрежа и правните и структурните ангажмани во мрежата каде што припаѓа

3. Опис на управувачка структура

4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем

5.Датум кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно Законот за ревизија

6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на годината за која се известува

7. Опис и изјава за независното работење на субјектот со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени

8. Опис и изјава за политиката што ја следи ТП РЕВИЗОР-С за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината за која се известува

9. Финансиски информации

## Б) Прилози

Прилог 1 Изјавата за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет

Прилог 2 Изјава за независното работење со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста

Прилог3 Изјава за политиката што ја следи ТП РЕВИЗОР-С за континуирана едукација на овластениот ревизор

**1.Опис на правната структура и сопственост**

*Целосен назив на субјектот*
Трговец поединец РЕВИЗОР-С Љубица Ѓорѓи Сулева ТП Струмица

*Опис на правната форма*
Трговец поединец
*Место на основање и регистрација и држава*
Струмица, Република Македонија

*Дата на основање според тековна состојба*
12.01.2007 година

*Регистарски број во регистарот при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија*
ТП003

*Број на лиценца за работа за вршење на работи за ревизија издадена од Советот и датумот на издавање*
ТП РЕВИЗОР-С има Лиценца за работа за вршење на работи за ревизија на овластен ревизор-трговец поединец со регистерски број 08 под број 07-460/1 од 03.12.2013 издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

Љубица Сулева има Лиценца за работа за вршење на работи за ревизија на овластен ревизор со регистерски број на лиценца 25, под број 07-93/1 од 26.03.2013 година издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија

*Број на вработени лица во субјектот, согласно Законот за работни односи, со состојба на 31 декември и со состојба на датумот на објавување на Извештајот*
Со состојба на 31 декември 2019 година ТП РЕВИЗОР-С има еден вработен на неопределено време и со состојба на датумот на објавување на Извештајот ТП РЕВИЗОР-С има еден вработен на неопределено време. Вработени на определено време нема.

*Опис на сопственичката структура на овластениот ревизор-трговец поединец*
Сопственост на 1 (едно) физичко лице Љубица Сулева, овластен ревизор регистриран за вршење дејност

*Приоритетна дејност/главна приходна шифра*
69.20 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување

*Подружници, основач и негови поврзани субјекти*
ТП РЕВИЗОР-С е овластен ревизор-трговец поединец работи на територијата на Република Македонија, нема подружници и нема поврзани субјекти.

*Годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија*
Минимална сума на покривање на штетен настан 30000ЕУР
Број на полиса ОР-00683736. Период на осигурување: 26.01.2020 до 26.01.2021 година
Назив на осигурителна компанија: Сава Осигурување АД Скопје

**2. Опис на професионална мрежа и правните и структурните ангажмани во мрежата каде што припаѓа**

ТП РЕВИЗОР-С делува на територијата на Република Македонија и не припаѓа на некои меѓународни професионални мрежи и работи со цел давање на услуги на комитентите кои делуваат на пазарот на Република Македонија.

**3. Опис на управувачка структура**

Трговец поединец - сопственик Љубица Сулева, овластен ревизор

**4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем**

Политиките и процедурите за контрола на квалитетот ТП РЕВИЗОР-С ги донесува врз основа на барањата на Меѓународните стандарди за ревизија и Законот за ревизија односно врз основа на барањата на .Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1 (МССК 1) -*Контрола на квалитет за фирми кои вршат ревизии и проверки на финансиски извештаи и други ангажмани за уверување и поврзани услуги*, Меѓународен стандард за ревизија 220- (МСР 220) - *Контрола на квалитетот за ревизии на историски финансиски информации,* Контролата на квалитетот на ревизорската работа се применува на ниво на фирмата и на ниво на секоја поединечна ревизија.
Нашите политики ги подржуваат пооделните елементи на контролата на квалитетот за да можат вработените да делуваат со интегритет да бидат објективни, одговорно да ја извршуваат својата работа, и да се во согласност со законската регулатива и професионалните стандарди.
Целите на квалитетот на контролата на политиките кои се усвоени од ТП РЕВИЗОР-С ги вклучуваат следните важни елементи:

- *Одговорност на раководството за внатрешниот систем* – Сопственикот, овластениот ревизор е одговорен работата да се обавува во согласност со професионалните барања и законската регулатива, истовремено тој оперативно ги развива соодветните политики и процедури. Контролата на квалитетот се следи и обавува со цел да се утврди дали се применуваат доследно политиките и процедурите, како на секојдневно ниво така и на периодот пред издавањето на ревизорскиот извештај.

- *Етички барања*

  Сите вработени мора да се однесуваат во согласност со Кодексот на етика на професионални сметководители за да се одржува висок стандард на професионално однесување за да се избегне секоја можна штета за угледот на фирмата и за нивниот личен углед.

Задоволувањето на етичките барања се проценуваат при започнувањето на секој ревизорски ангажман, така и при завршувањето на ангажманот. Вработените се запознаени со политиките и процедурите поврзани со задоволување на условите за независност. За секој клиент каде се врши ревизија се потпишува Изјава за независност.

ТП РЕВИЗОР-С има интерни процедури за обезбедување на доверливост од страна на целиот персонал при вработувањето, а потоа и на годишна основа, и за документацијата која што треба да се чува во досието. Документите се чуваат само онолку долго колку што е потребно да се исполнат професионалните, регулаторните или правните барања. Ова се однесува и за ракувањето и чувањето на надворешното и внатрешното досие и капацитетите за да се заштитат, задржат и архивираат информациите, како и истите да бидат заштитени од недоволен пристап или несоодветно користење.

- *Прифаќање и задржување на клиенти* – ТП РЕВИЗОР-С има воспоставено постапки во врска со прифаќање и задржување на односите со клиентот кои се темелат пред се на почитување на клиентот, компетентност за извршување на ангажманот во смисла на способност, време и ресурси за да се заврши ангажманот и исполнување на етичките барања.

  ТП РЕВИЗОР-С ги прифаќа новите ангажмани откако ќе се увери во интегритетот на клиентот и утврди дека има способност и ресурси да даде квалитетна услуга.

  Пред прифаќањето на ангажманот пристапуваме со проценка на потенцијалниот клиент и негово рангирање според посебна постапка утврдена во методологијата за работа.

  Проценката се состои од прибирање на основни информации за потенцијалниот клиент кои вклучуваат управувачка структура и сопственост, вид на работење и други специфични информации кои овозможуваат препознавање на ризикот на база на кој се одлучуваме за прифаќање на клиентот.

- *Човечки ресурси*

  Вработените во ТП РЕВИЗОР-С се должни да имаат стручни знаења, да ги одржуваат истите и да бидат во согласност со професионалните барања. Предмет на оценување на вработените е професионализмот, одговорноста, решавањето на проблеми и комуникацијата помеѓу вработените и со клиентот. Од вработените се очекува одржување на стручното знаење преку пратење на стручна литература, организирана едукација во согласност со професионалните барања. ТП РЕВИЗОР-С има усвоено Методологија која е достапна до сите вработени и сите ангажмани мора да се спроведуваат во согласност со истата.

  Унапредувањето на вработените се одвива врз основа на тоа дали вработениот кој се оценува стекнал доволно знаења и вештини и дали е во можност да усвојува нови знаења.

Назначувањето на членови на ангажманот го врши овластениот ревизор (сопственикот)
Назначувањето на експерти и специјалисти од надвор го врши овластениот ревизор (сопственикот) за посебни видови на ангажмани каде што се бараат специфични знаења, посебно ниво на искуство и компетенција.

*Политики и процедури кои се однесуваат на спроведување на ангажманите и вршењето на внатрешната контрола на квалитет*

- *Користење компјутерски ревизорски техники (софтвер и останати ревизорски алатки)*- ТП РЕВИЗОР-С користи интерно генерирана програма која се прегледува и усовршува во согласност со препораките како интерни така и екстерни или во зависност од спецификите на клиентот.
- *Вршење надзор на внатрешниот систем на контрола на квалитет*
  Надзорот на внатрешниот систем на контрола го врши овластениот ревизор во согласност со усвоената методологија, а воглавно
  - во текот на претходните постапки на ревизијата врз основа на контрола на основната документација, како и увидот во работењето на клиентот се утврдуваат евентуално проблематични подрачја и се даваат насоки за нивно решавање.
  - Во текот на завршните постапки на ревизијата врз основа основа на контрола на основната документација, како и увидот во работењето на клиентот се утврдуваат евентуално проблематични подрачја и се даваат насоки за нивно решавање.
  - Во текот на изработката на ревизорскиот извештај каде се утврдува дали постојат потенцијално проблематични прашања и ситуации  кои е потребно да се усогласуваат
  - Детална контрола на работната документација

- *Критериум за селекција на ревизорски ангажман – предмет на внатрешна контрола на квалитет*
  Како базичен критериум за селекција на ревизорскиот ангажман се зема степенот на ризичност на секоја поединечна ревизија, а кој што се утврдува со претходно спроведена постапка согласно методологијата за работа.
- *Критериум за избор на лица кои вршат внатрешна контрола на квалитет*
  Сопственикот – овластениот ревизор, согласно Правилникот за контрола на квалитет во случаи кога се работи за друштва од јавен интерес, регулаторни друштва, друштва кои котираат на берза и друштва каде постои идентификуван висок ризик, ангажира екстерен контролор.

- *Навремено комплетирање на ревизирската документација*

  Целокупната ревизорска документација за секој поединечен ангажман се комплетира до издавањето на ревизорскиот извештај во согласност со усвоената Методологија за вршење ревизија и Прирачникот за контрола на квалитет.

- *Архивирање и чување на ревизорската документација*

  Документацијата на секој посебен ангажман се чува во хартиена форма во тековното односно постојаното досие на клиентот. Издадените ревизорски извештаи се чуваат во хартиена форма во тековното досие и во електронска форма. Сите документи и податоци кои се примени од клиентот во електронска форма се чуваат во истата форма. Сите податоци кои се во електронска форма се заштитени со редовен back-up.

  Ревизорската документација се архивира и чува во согласност со Прирачникот за контрола на квалитет

*Политики и процедури кои се однесуваат на следење на внатрешниот систем на контрола на квалитет*

Следењето на внатрешниот систем на контрола на квалитет се спроведува во согласност со барањата на Меѓународните стандарди на контрола на квалитет (МСКК). ТП РЕВИЗОР-С има Правилник и врз основа на него спроведува постапки, процедури и политики за да одговори на професионалните барања.

*Политики и процедури за документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет*

За документирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет ТП РЕВИЗОР-С постапува во согласност Правилникот за контрола на квалитет, со цел да се заклучи контролата на комплетното ревизорско досие.

Изјавата за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет е дадена во Прилог 1

**5.Датумот кога е извршена последната проверка заради уверување во квалитетот на ревизорот согласно Законот за ревизија**

Последната проверка заради уверување во квалитетот на ревизорот е направена во септември 2016 година. Предмет на контролата беше оценка на системот на контрола на квалитет воспоставен во ТП РЕВИЗОР-С и проверка на избрани поединечни ревизорски ангажмани за 2015 година.

**6. Список на субјекти на кои е вршена ревизија за 2019 година**

Ал –Макс ДОО Струмица (законска ревизија), Колид Стим ДООЕЛ Колешино (законска ревизија), Колид Стим ДООЕЛ Колешино (консолидирана законска ревизија), Колид интернационал ДООЕЛ Колешино (законска ревизија), Колид Стим ДООЕЛ Колешино (присоединување), Кода трејд ДООЕЛ Струмица (законска ревизија), Макс ДООЕЛ Струмица (законска ревизија), Минка Да ДООЕЛ Струмица (законска ревизија, Минка Да ДООЕЛ Струмица (консолидирана законска ревизија), СУЗ Стил 2007 Ново Село, Дизел ДГ транспорт ДООЕЛ Скопје (договорна ревизија), Неотек системс ДООЕЛ Струмица (договорна ревизија).

**7. Опис и изјава за независното работење на субјектот со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

ТП РЕВИЗОР-С има утврдено политики за почитување на независноста чии процедури се спроведуваат во согласност со барањата на Кодексот на етика и Законот за ревизија. Потврдувањето на независноста се врши континуирано од аспект на годишно ниво и од аспект на секој вработен поединечно односно со секој ангажман поединечно. Вработените потпишуваат Изјава за независност исто така и самиот ТП РЕВИЗОР-С потпишува Изјава за независност.

Изјавата за независното работење со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усоглаеноста на независноста на ТП РЕВИЗОР-С е дадена во Прилог 2.

**8. Опис и изјава за политиката што ја следи ТП РЕВИЗОР-С за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината за која се известува**

Согласно Законот за ревизија овластениот ревизор посетува најмалку 40 часа годишно во рамките на професионалното усовршување организирано од страна на Институтот на овластени ревизори

Изјавата за политиката што ја следи ТП РЕВИЗОР-С за континуирана едукација на овластениот ревизор е дадена во Прилог 3.

**9. Финансиски информации за вкупниот промет остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет на четири категории: од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги**

| | 2019 год. | 2018 год. |
|---|---|---|
| Вкупен приход (денари) | 718,000 | 546.500 |
| 1. услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки | 100% | 100% |
| 2. дополнителни услуги на уверување во квалитет | / | / |
| 3. даночни советодавни услуги | / | / |
| 4. други неревизорски услуги | / | / |

**10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор**

Основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор зависи од обемот на работата потребен за вршење на ревизија, од големината на субјектот и и предвидените часови потребни за вршење ревизија.

Струмица, 30.03.2020 година

ТП РЕВИЗОР-С
Љубица Сулева, Овластен ревизор

Трговец поединец Т.П РЕВИЗОР-С Струмица Љубица Ѓорги Сулева

РЕВИЗОР-С
СТРУМИЦА

**Прилог 1**

**Изјавата за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Врз основа на Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија, ТП РЕВИЗОР-С, Љубица Сулева овластен ревизор изјавува дека во својата работа доследно се придржува на политиките и процедурите кои го сочинуваат внатрешниот систем на контрола на квалитет и истите функционираат на ефективен начин.

Струмица, 30.03.2020 година

Управител
Љубица Сулева, овластен ревизор

**Прилог 2**

**Изјавата за независното работење со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усоглаеноста на независноста на ТП РЕВИЗОР-С**

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија, ТП РЕВИЗОР-С, Љубица Сулева овластен ревизор изјавува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста со барањата за независност и дека истите се спроведени.

Струмица, 30.03.2020 година

Управител
Љубица Сулева, овластен ревизор

РЕВИЗОР-С
СТРУМИЦА

**Прилог 3**

**Изјава за политиката што ја следи ТП РЕВИЗОР-С за континуирана едукација на овластениот ревизор**

Врз основа на Законот за ревизија ТП РЕВИЗОР-С, Љубица Сулева овластен ревизор изјавува дека посетува обука од најмалку 40 часа професионално континуирано усовршување организирано од ИОРРМ..

Струмица, 30.03.2020 година

Управител
Љубица Сулева, овластен ревизор

Трговец поединец Т.П РЕВИЗОР-С Струмица Љубица Ѓорги Сулева